ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 03 - 142
07.08.2019 год.
ОХРИД

# П О В И К
## за одржување Годишна седница на Собранието на акционери на АД,,ОХРИДТУРИСТ,, -Охрид

## ДНЕВЕН РЕД:

1. Избор на председавач и работни тела.

2. Усвојување на Записникот од седницата на Собрание на акционери одржана на ден 10.07.2018 година.

3. Разгледување и усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2018 година, Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2018 година, на Извештајот од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО ,,МУР СТИВЕНС,,-Скопје за 2018 година, на Извештајот за остварените резултати од работењето на друштвото за 2018 година и одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото и одлучување по истите.

- Предлог одлука за усвојување на завршната сметка и резултатите од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид за 2018 година;

- Предлог одлука за усвојување на Извештајот од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС,, -Скопје за 2018 година;

- Предлог одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид во 2018 година;

- Предлог одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година;

- Предлог одлука за одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото за 2018 година.

4. Именување на Ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка за 2019 година.

Седницата на Собранието на акционери ќе се одржи на ден 10.09.2019 година (вторник) со почеток во 13,00 часот во просториите на хотел ,,ПАЛАС,, на ул.,,Партизанска,, бр. 8, Охрид.

Акционерите на Собранието можат да присуствуваат лично или може да именуваат полномошник. Именувањето на полномошникот се врши со писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Како услов за уважување на полномошното, како и верификација на дадените инструкции за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е

должен известувањето за даденото полномошно да го достави до Друштвото да приложи и соодветна документација за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува копија од лична карта или пасош.
2. За акционер домашно правно лице се приложува тековна состојба од Централниот регистар на Р.Македонија, во оригинал не постара од десет дена.

За важечко ќе се смета и полномошно за застапување дадено од акционер на друго лице кое акционерот го заверил кај нотар.

Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на седницата на Собранието и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на седницата на Собранието, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавувањето на учеството на седницата акционерите го вршат со писмена пријава, а полномошниците кон писмената пријава приложуваат полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот, давател на полномошното, и фотокопие од документацијата наведена во точка 1 или 2 погоре.

Доставата се врши до АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, ул. ,,Партизанска,, бр. 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество заради уредно спроведување на процедурата на одржување на седницата на Собранието.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и предлог одлуки по точките од дневниот ред со соодветно образложение.

Акционерите барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието и предлагањето на одлуки за усвојување можат да го достават во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на Собранието, до Одборот на директори на друштвото.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото.

Одговорите на поставените прашања на седницата на Собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно со закон.

Заинтересираните лица можат да извршат увид и да подигнат материјали што се подготвени за Собранието, во архивата на друштвото секој ден во времето од 12-14 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интернет страница на друштвото www.ohridturist.mk

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-ОХРИД
Генерален директор,

Рахман Џемал